# РАЗБЕРЕТЕ ГИ ВАШИТЕ РЕЗУЛТАТИ



Оваа брошура ви дава информации што ќе ви помогнат да ги разберете резултатите од проверката за рак на белите дробови.

Националниот регистар за проверка за рак (National Cancer Screening Register - NCSR) и вашиот давател на здравствени услуги ќе ве известат што треба да направите следно. Тоа може да биде повторно скенирање со компјутерска томографија -КТ (CT) со ниска доза на зрачење по две години или средба со вашиот давател на здравствени услуги за да разговарате за наодите.

## Што се открива со проверката за рак на белите дробови?

При проверката за рак на белите дробови се користи КТ скенирање (снимање со компјутерска томографија) со ниска доза на зрачење за да се пронајдат мали грутки, наречени нодули (јазли). Нодулите се мали грутки од ткиво во белите дробови. Тие се многу чести и повеќето нодули не се рак на белите дробови.

Следните чекори ќе зависат од големината и изгледот на сите нодули што можеби ги имате. Можеби ќе треба да направите повеќе тестови за подетално испитување на одредена област. Постоењето на нодули во белите дробови или потребата од дополнителни тестови не значи дека имате рак на белите дробови.

Скенирањето може да покаже други наоди во или надвор од белите дробови. Тоа не значи дека имате рак, но треба да разговарате со вашиот давател на здравствени услуги.

**Следните чекори може да вклучуваат:**

- Повторно КТ скенирање со ниска доза на зрачење за 3, 6 или 12 месеци за да се види дали нодулот се менува со текот на времето.
- барање до специјалист за заболувања на дишните патишта за дополнителни испитувања.
- NCSR ќе ве поддржува во проверката за рак на белите дробови. Ќе ви испраќа потсетници кога да го посетите вашиот давател на здравствени услуги или кога да го направите следното скенирање.
- Вашата историја на проверки ќе биде зачувана во NCSR.
- доколку немате значајни наоди, NCSR ќе ви испрати потсетник да направите повторна проверка по две години.

Australian Government | NATIONAL LUNG CANCER SCREENING PROGRAM

# Што значи мојот резултат и што ќе се случи понатаму?

| Резултати од проверката | Следни чекори |
| --- | --- |
| **Недовршено**<br>Скенирањето не можеше да се протолкува од технички причини и треба да се повтори. | • Ќе треба повторно да направите проверка кога ќе добиете потсетник од NCSR или од вашиот давател на здравствени услуги. |
| **Многу мал ризик**<br>Немаше загрижувачки наоди од вашето скенирање. Редовните проверки на секои 2 години се важни за следење на промените како што стареете. | • Ќе бидете информирани дека нема значајни наоди и дека треба повторно да направите проверка за 2 години.<br>• Ќе добиете потсетник од NCSR и/или вашиот давател на здравствени услуги кога ќе дојде време за повторна проверка за **2 години**.<br>• Ќе треба повторно да одите кај вашиот давател на здравствени услуги за 2 години за да провери дали можете да направите проверка и да добиете ново барање за КТ скенирање со ниска доза на зрачење. Нема потреба повторно да се проверува историјата на пушење. |
| **Мал ризик**<br>На скенирањето е откриен нодул, но се смета дека веројатноста за рак на белите дробови е мала. Ќе треба да направите уште едно скенирање за 12 месеци. | • NCSR нема да ви ги достави вашите резултати, но ќе ве поттикне да разговарате со вашиот давател на здравствени услуги за нив.<br>• NCSR ќе ве потсети кога ќе биде време за повторна проверка за **12 месеци**.<br>• Кога ќе го добиете потсетникот, ќе треба повторно да одите кај вашиот давател на здравствени услуги за да провери дали можете да направите проверка и да добиете барање за КТ скенирање со ниска доза на зрачење. |
| **Мал до умерен ризик или умерен ризик**<br>На вашата снимка има нодул или нодули кои треба почесто да се надгледуваат. Во зависност од вашите наоди, ќе треба да направите уште едно скенирање за 3 или 6 месеци. | • NCSR нема да ви ги достави вашите резултати, но ќе ве поттикне да разговарате со вашиот давател на здравствени услуги за нив.<br>• NCSR ќе ве потсети кога ќе биде време за повторна проверка за **3 или 6 месеци**. Ќе треба повторно да одите кај вашиот давател на здравствени услуги за да провери дали можете да направите проверка и да добиете барање за КТ скенирање со ниска доза на зрачење. |
| **Висок или многу висок ризик**<br>Пронајдени се еден или повеќе нодули кои бараат понатамошно испитување. Ова не значи дека имате рак. Постои поголем ризик од рак на белите дробови, па затоа е важно да одите на сите контролни прегледи. | • NSCR ќе ве поттикне да разговарате со вашиот давател на здравствени услуги за вашите резултати. давател на здравствени услуги ќе го разгледа извештајот од радиолошката снимка и ќе ве упати кај специјалист за понатамошно испитување. |
| **Дополнителни наоди кои не се поврзани со рак на белите дробови, но кои треба да се преиспитаат**<br>Со скенирањето може да се видат и други делови од телото покрај белите дробови, вклучувајќи ги вратот, градниот кош и горниот дел од стомакот. Понекогаш тоа може да покаже наоди или во белите дробови (нешто друго освен рак, како што е емфизем) или надвор од белите дробови (нешто како срцево заболување). NCSR ќе ви предложи да го посетите вашиот давател на здравствени услуги за да разговарате за следните чекори. | • Вашиот давател на здравствени услуги ќе разговара со вас за потребата од дополнителни тестови и за следните чекори. Дополнителен наод не мора да значи дека не можете да продолжите да учествувате во програмата за проверка за рак на белите дробови. |

# Со кого можам да разговарам за поддршка?

Нормално е да бидете загрижени кога учествувате во програма за проверка за рак. Чекањето за скенирање и добивањето на резултатите може да предизвикаат вознемиреност. Ве молиме разговарајте со вашиот давател на здравствени услуги за сите работи што ве загрижуваат.

Проверката за рак на белите дробови **на секои две години (или како што ви препорачува вашиот давател на здравствени услуги)** е најдобриот начин за рано откривање на рак на белите дробови, кога тој полесно се лекува.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Веб-страници** | **Поддршка за ментално здравје:**<br>www.medicarementalhealth.gov.au<br><br>**Услуга за поддршка на Абориџини и жители на островите во Теснецот Торес:**<br>www.13yarn.org.au<br><br>**Quitline**<br>www.quit.org.au | | |
| **Телефонски линии за кризни состојби** | **Beyond Blue**<br>1300 224 636 | **Lifeline**<br>13 11 14 | **13YARN**<br>13 92 76 |
| **Други видови на поддршка од заедницата** | **Поддршка од Cancer Council (Совет за рак)**<br>13 11 20<br><br>**Lung Foundation Australia (Австралиска фондација за здравје на белите дробови)**<br>1800 654 301 | | **Quitline**<br>13 78 48<br><br>**Head to Health**<br>1800 595 212 |
| | Повеќе услуги за поддршка можете да најдете на:<br>www.health.nsw.gov.au/mentalhealth/services/Pages/support-contact-list.aspx | | |



## Што ако имам симптоми?

Проверката не е соодветна за лица со необјаснети и постојани симптоми, вклучувајќи ги симптомите наведени подолу. На овие лица им се потребни други тестови.

Ако имате некој од овие симптоми, дури и ако вашата последна проверка покажала многу мал ризик или ако сте помеѓу две проверки, ве молиме веднаш консултирајте се со вашиот давател на здравствени услуги.

- **Нова или променета кашлица**
- **Искашлување крв**
- **Отежнато дишење без причина**
- **Голем замор**
- **Необјаснето губење на тежина**
- **Болка во градите или рамената што не престанува**

**За повеќе информации за Националната програма за проверка за рак на белите дробови:**

www.health.gov.au/nlcsp

Quitline 13 7848

**За помош да се откажете од пушење:**

www.quit.org.au

DT0004838_0625